# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 1 *  година VI*  24.01.2011 година  *  Карпош  *  цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk,    www.karpos.gov.mk

Скопје,     јануари    2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок**

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност Карпош донесен на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-768/1** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**24.01.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност Карпош.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ”Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-442/1
21.01.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновск,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од "Карпош 2" резиденцијални објекти, Општина Карпош- Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од "Карпош 2" резиденцијални објекти, Општина Карпош- Скопје донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-768/2**
**24.01.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2005, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од “Карпош 2“ резиденцијални објекти, Општина Карпош- Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план за дел од “Карпош 2“ резиденцијални објекти, Општина Карпош - Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На север**: по осовината на бул. “Илинден“
**На исток**: по осовината на ул. „Никола Тесла “
**На југ**: по осовината на ул. “Орце Николов “
**На запад**: осовина на бул.“8-ми Септември“

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 7,0 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ги содржи следните намени: домување во станбени куќи,домување во станбени згради со компатибилна намена, деловни простории со компатибилна намена и комунална супраструктура.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:

**А1 –домување во станбени куќи**

**А2-домување станбени згради**

**Б4-Деловни дејности**

**Е2-Комунална супраструктура**

Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се гради во одредена височина,при што максималната висина на објектите изнесува H max = 16,50 м.

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Нацрт-Деталниот урбанистички план содржи:

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
-Вовед
-Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
-Историјат на планирањето и уредувањето на подрачје на планскиот опфат
-Податоци за природни чинители
-Податоци за создадени вредности и чинители
-Демографија
-Градежен фонд
-Намена на земјиштето
-Сообраќајна поврзаност
-Комунална инфраструктура
-Инвентаризација на изграден градежен фонд и инфраструктура
-Културно наследство
-Извод од Генерален урбанистички план
-Резиме на можности за развој кои произлегуваат од документациона основа
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
-Вид на план,назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
-Географска и геодетска местоположба со гарница на планскиот опфат
-Опис и образложение на планскиот концепт
-Домување
-Мали комерцијални и деловни намени
-Образование
-Здравство
-Комунална супраструктура
-Опис и образложение на плански решенија за изградба
-Инфраструктура
-Сообраќај
-Нивелациско решение
-Основно решение на комунална инфраструктура
-електро-енергетика и ПТТ инсталации
-Економско образложение за начинот,обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија

-Културно наследство
-Мерки за заштита
-Мерки за заштита на животната средина
-Аерозагадување и мерки на заштита
-Загадување на почва и подземни води и мерки на заштита
-Извори на бучава и мерки на заштита
-Мерки за заштита од пожар
-Мерки за заштита од природни непогоди
-Мерки за заштита од воено разурнувања
-Билансни показатели
-Површини по намена на земјиштето
-Попречни профили на улици
УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
-Општи услови за изградба,развој и користење на земјиштето за градби кои важатза целиот плански опфат
ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
Документациона основа

| | |
|---|---|
| -Извод од ГУП | 1 : 5000 |
| -Ажурирана геодетска подлога | 1 : 1000 |
| -Инвентаризација на градежен фонд-бесправна градба | 1 : 1000 |
| -Инвентаризација на градежен фонд | 1 : 1000 |
| -Инвентаризација на инфраструктурен фонд | 1 : 1000 |

**Планиран развој**
**ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

| | |
|---|---|
| -План на намена на земјиштето и градбите | 1:1000 |
| -Регулационен план и план на површини за градење | 1:1000 |
| -Сообраќаен план и нивелациски план | 1:1000 |
| -Инфраструктурен план | 1:1000 |
| -Збирен графички прилог-синтезен план | 1:1000 |

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука се:
- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри зауредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење од Комисијата за давање мислења на нацрт плановите, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на Јавната презентација и Јавната анкета.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува восила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-442/2
21.01.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,**с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на дел од детска градинка “Орце Николов“ Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на дел од детска градинка “Орце Николов“ Општина Карпош донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-768/3** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**24.01.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на дел од детска градинка “Орце Николов“ Општина Карпош

**член 1**

Општина Карпош како инвеститор на изградбата на дел од Јавна устонова-Општинска детска градинка “Орце Николов“ на ул. “Драгиша Мишовиќ“ број ББ, градежна парцела 1.10, КП бр.1645 КО Карпош, комплекс 10/1 се ослободува од обврската за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.

**член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 – 442/3
21.01.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2011 година**

1.Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2011 година донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-768/4<br>24.01.2011 година<br>Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 тошка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одрана на 21 јануари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2011 година

член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2011 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **N10 Основно образование.** | | | | | |
| 421240 Течни горива | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480160 Купување на опрема за гре-ење и климатиз. | – 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482920 Изградба на др. Објекти | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482930 Реконструкција на други објекти | -4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482910 Подготвување проекти вклучу-вајќи дизајн на др. Објекти | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10 Детски градинки** | | | | | |
| 424210 Одржување на Згради | 0 | 0 | 0 | -100.000 | 0 |
| 480150 Купување на кујнска Опрема | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 – 442/4
21.01.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2011 година

1.Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2011 година донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-768/5
24.01.2011 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 20 точка 1 и 2 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр.113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009 и 145/2010) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на благајнички максимум за 2011 година

**член 1**

Со оваа Одлука се утврдува благајнички максимум за 2011 година во износ од 100.000,00 денари.

**член 2**

Готовите пари во благајната примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден на наплатата.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 – 442/5<br>21.01.2011 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Буџетскиот календар за 2011 година

1.Се објавува Буџетскиот календар за 2011 година донесен на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-768/6<br>
24.01.2011 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
## ЗА 2011 ГОДИНА

**1.**

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Месеци во годината |
|---|---|---|
| 1. | Совет на Општина Карпош го усвојува буџетскиот календар | јануари, |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови до сите сектори и буџетски корисници | до 30 јуни |
| 3. | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | најдоцна до 30 септември |
| 4. | Министерство за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | најдоцна до 30 септември |
| 5. | Секторот за финансии подготвува процена на вкупните приходи,ги разгледува,анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | до 20 октомври |
| 6. | Секторот за финансирање и Буџет го изготвува Нацрт-Буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување | до 30 октомври |
| 7. | Советот на Општината го одобрува Предлогот на Планот на Програмите за развој | најдоцна до 15 ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува Предлог-Буџет до Советот на Општина Карпош | најдоцна од 15 ноември |
| 9. | Советот на Општина Карпош го донесува Буџетот | најдоцна до 31 декември |

2.Буџетскиот календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 – 442/6
21.01.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Советот за 2011 година

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Советот за 2011 година донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-768/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2011 година НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

**ПРОГРАМА**

за изменување и дополнување на Програмата за работа на Советот за 2011 година

**член 1**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за работа на Советот за 2011 година.

Во делот II, по точката 27.1 се додаваат две нови точки и тоа:

-точка 28 – Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за локалитет Криви Дол,Општина карпош-Скопје,и

-точка 28.1- Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за локалитет Криви Дол,Општина карпош-Скопје.

Точката 28 станува точка 29.

**член 2**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07 - 442/7<br>
21.01.2011 година<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>
Трифун Трифуновски ,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за организирање работилница за изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција на ОУ“Братство“,Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за организирање работилница за изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција на ОУ“Братство“,Општина Карпош-Скопје донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-768/8**
**24.01.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски**,с.р.

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

**ОДЛУКА**
за одобрување финансиски средства за организирање работилница за изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција на ОУ“Братство“,Општина Карпош-Скопје

**член 1**

Се одобруваат финансиски средстсва во износ од 250.000,00 денари за организирање работилница за изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција на ОУ“Братство“,Општина Карпош-Скопје,

**член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 - 442/8
21.01.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за организирање работилница за изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција на ОУ“Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за организирање работилница за изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција на ОУ“Братство“,Општина Карпош-Скопје донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-768/9<br>
24.01.2011 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21јануари 2011 година донесе

## ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства за организирање работилница за изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција на ОУ“Димо Хаџи Димов“,Општина Карпош-Скопје

**член 1**

Се одобруваат финансиски средстсва во износ од 250.000,00 денари за организирање работилница за изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција на ОУ“Димо Хаџи Димов“,Општина Карпош-Скопје,

**член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 - 442/9
21.01.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје,заради изградба на топловод во населба Влае 2-Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје,заради изградба на топловод во населба Влае 2-Општина Карпош донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-768/10<br>
24.01.2011 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа член 62 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 30 став 3 од Законот за меѓуопштинската соработка (“Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје,заради изградба на топловод во населба Влае 2-Општина Карпош

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош го прифаќа предлогот за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје и се уредува начинот,условите,финансирањето и други прашања заради остварување на заеднички цели и интерес за изградба на топловод во населба Влае 2 - Општина Карпош.

Член 2

Општина Карпош во остварувањето на соработката ќе учествува со средства обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, во износ од 2.000.000,00 денари,кои можат да се користат исклучиво за намената утврдена со членот 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредува таков тип објекти и со почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

Член 3

За реализација на оваа Одлука градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи Договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинската соработка.

Реализацијата на Договорт ќе почне откао ќе заврши јавната набавка која ќе ја спроведе Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 - 442/10<br>21.01.2011 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општината Карпош" бр.1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за формирање на работно тело за изработка на Стратегија за развој на основното образование во Општина Карпош за периодот 2011-2016 година**

1.Се објавува Одлуката за формирање на работно тело за изработка на Стратегија за развој на основното образование во Општина Карпош за периодот 2011-2016 година донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

Број 08-768/11 ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
24.01.2011 година НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>
Скопје Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 05/02) Советот на Општина Карпош, на Триесеттата седница одржана на ден 21 јануари 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
за формирање на работно тело за изработка на
Стратегија за развој на основното образование во Општина Карпош за
периодот 2011-2016 година

**член 1**

Со оваа Одлука се формира работно тело за изработка на Стратегија за развој на основното образование во општина Карпош за периодот 2011-2016 година.

**член 2**

За членови на работното тело се именуваат:

| РБ | ОРГАНИЗАЦИЈА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|---|
| 1 | Општина Карпош - Одделение за образование | Мирјана Поповска |
| 2 | | Љупка Трајчевска |
| 3 | | Карина Ѓориевска-Ивановска |
| 4 | Совет на Општина Карпош | Душан Велкоски |
| 5. | | Цветанка Мишевска |
| 6.<br>7.<br>8.<br>9.<br>10. | | Анета Марковска Илиевска<br>Горан Михајлов<br>Аце Миноски<br>Билјана Костова<br>Жозефина Гласновиќ |
| 11. | О.У. „Петар Поп Арсов" | Директор: Татјана Савеска |
| 12. | | Совет на родители:Раде Чоловиќ |
| 13.. | О.У.„Лазо Трповски" | Директор:Катерина Беговска |
| 14. | | Педагог: Рената Поповска |
| 15. | О.У.„Аврам Писевски" | Директор: Драган Петковски |
| 16. | | Психолог: Елизабет Солтирова |
| 17. | О.У.„Владо Тасевски" | Директор:Ирена Кофиловска |
| 18. | | Педагог: Билјана Павлеска |
| 19. | О.У.„Димо Хаџи Димов" | Директор: Лела Николоска |

| | | |
|---|---|---|
| 20. | | Наставник:Катерина Дуковска |
| 21. | О.У.„Јан Амос Коменски" | Директор:Маја Старова |
| 22.. | | Совет на родители:Билјана Јовановски |
| 23. | | Наставник:Живка Пројчевска |
| 24. | О.У.„Војдан Чернодрински" | Директор:Елеонора Стрезовска |
| 25. | | Педагог: Татјана Наческа |
| 26. | О.У.„Вера Циривири Трена" | Директор: Елка Даскалова |
| 27. | | Наставник: Кети Таневска |
| 28.<br><br>29. | О.У.„Христијан Тодоровски Карпош“ | Директор на училиштето (постапка на избор)<br>Член на Совет на родители: |
| 30.<br><br>31. | О.У.„Братство" | Директор на училиштето (постапка на избор)<br><br>Наставник: |
| 32. | МЦГО Раковод. на проект | Дивна Шиповиќ |

| | |
|---|---|
| 33.Новинар во Радио Скопје | |
| 34. Јахија Кемал | претставник |

**член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Карпош”.

Број 07 - 442/11
21.01.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување финансиски средства

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување финансиски средства донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-768/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2011 година НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа(“Службен весник на Република Македонија“ број 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница оджрана на 21 јануари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување финансиски средства

член 1

Се врши измена и дополнување во Одлуката за одобрување финансиски средства бр.07-7054/11 од 27.09.2010 година (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2010) и тоа:

Во членот 1 алинеа 2 после зборот денари се додава нов текст кој гласи:

“како и 14.500,00 денари на име трошоци за дополнителни телефонски трошоци и возен билет на Зоран Михајлов“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 442/12<br>21.01.2010 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за учество на пливачки маратон

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за учество на пливачки маратон донесена на Триесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 21 јануари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-768/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.01.2011 година НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/2002),а во врска со Програмата за дејноста спорт за 2011 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.12/2010 и бр.14/2010), Советот на Општина Карпош на Триесеттата седница одржана на 21 јануари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување финансиски средства за учество на пливачки маратон

член 1

Се одобруваат финансиски средства за надомест на трошоците на Томи Стефановски и Игор Димовски, за учество во серијата во маратонско пливање кое започнува во Аргентина , Виедма и Хернандариас Парана на 05.02.2011 година,и тоа:

-Трошоци на Томи Стефановски во износ од 111.000,00 денари,и

-Трошоци на Игор Димовски 98.500,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма спорт –ЛО-спорт и рекреација, ставка 464-разни трансфери, потставка 464990-други трансфери.

Член 3

Се задолува Секторот за финансии да ја спроведе оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 442/13 ПРЕТСЕДАВАЧ
21.01.2010 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е Трифун Трифуновски,с.р.

## С О Д Р Ж И Н А

1.-Извештај за работите во однос на
Јавната безбедност и безбедноста на
сообраќајот на патиштата на Подрачјето
на Полициската Станица од Општа Надлежност
“Карпош“ со Решение за објавување .................................. 2-3

2.-Одлука за утврдување на Нацрт-Детален
урбанистички план за дел од “Карпош 2“
резиденцијални објекти, Општина Карпош- Скопје
со Решение за објавување ................................ 4-9

3.-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање
надоместок за уредување на градежно земјиште
за доградба на ОУДГ “Орце Николов“ (франкофонска градинка)
со Решение за објавување ................................ 10-11

4.-Одлука за измена на распоредот
на средствата во Буџетот на Општина Карпош
за 2011 година со Решение за објавување ................................ 12-13

5.-Одлука за утврдување на благајнички
максимум за 2011 година со Решение за објавување ................................ 14-15

6.-Одлука за донесување Буџетски
календар за 2011 година со Решение за објавување ................................ 16-18

7.-Програма за изменување и дополнување
на Програмата за работа на Советот за 2011 година
со Решение за објавување ................................ 19-20

8.-Одлука за одобрување финансиски
средства за организирање работилница за изработка
на идејно архитектонско решение за реконструкција
на ОУ Братство,Општина Карпош-Скопје
со Решение за објавување ................................ 21-22

9.-Одлука за одобрување финансиски средства
организирање работилница за изработка на
идејно архитектонско решение за реконструкција
на ОУ Димо Хаџи Димов,Општина Карпош-Скопје
со Решение за објавување ................................ 23-24

10.-Одлука за воспоставување соработка
помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје,
заради изградба на топловод во населба
Влае 2-Општина Карпош со Решение за објавување ................................ 25-26

11.-Одлука за формирање на работно
тело за изработка на Стратегија за развој
на основното образование во Општина Карпош
за периодот 2011-2016 со Решение за објавување ................................ 27-29

12.-Одлука за изменување и дополнување
на Одлуката за одобрување финансиски средства
со Решение за објавување ................................ 30-31

13.-Одлука за одобрување финансиски средства
за учество на пливачки маратон
со Решение за објавување ................................ 32-33

**Издавач:**Општина Карпош
**Главен и одговорен уредник**:Хилда Ефтимова, раководител на сектор за правни работи
**Адреса:** Бул.“Партизански одреди“ бр.68, тел.3065-925
**Тираж:** 50 примероци